26. XII. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

# СЛУ... К
## НА СОЦИЈА... НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 18 декември 1989
Скопје
Број 44 Год. XLV

Претплатата за 1989 година изнесува 700.000 динари. Овој број чини 20.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**764.**

Врз основа на член 15 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75), и член 56, став 1, алинеја 7 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 6 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ

I

Во Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот („Службен весник на СРМ“ бр. 19/86) во точката IV се вршат следните измени:

1. Данев д-р Михаил се разрешува од член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот.

2. За нов член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се именува Тито Петковски, секретар на Претседателството на ЦК СКМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1425
12 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**765.**

Врз основа на член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), а во врска со Одлуката за пропишување мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ“ бр. 24/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ И НАСТАВНИ СРЕДСТВА „ПРОСВЕТНО ДЕЛО“ — СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на цените на учебниците за основното и средното насочено образование бр. 02-3719/1 од 17. XI. 1989 година на Работната организација за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело“ — Скопје.

2. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на учебниците за основното и средното насочено образование на РО за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело“ — Скопје („Службен весник на СРМ“ бр. 25/89).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-2492/5
14 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**766.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 50/88), а во врска со член 53 став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на општините:

| | |
|---|---|
| — Гостивар | 9.500.000.000 динари |
| — Кавадарци | 2.590.000.000 динари |
| — Виница | 1.220.000.000 динари |
| — Д. Хисар | 126.000.000 динари |
| — Крушево | 137.000.000 динари |
| — Неготино | 1.105.000.000 динари |
| — Радовиш | 1.790.000.000 динари |
| — Свети Николе | 2.300.000.000 динари |
| — Струга | 3.750.000.000 динари |
| — Титов Велес | 8.800.000.000 динари |
| — Штип | 6.000.000.000 динари |
| — Кратово | 182.000.000 динари |
| — Куманово | 826.000.000 динари |
| — Кичево | 6.800.000.000 динари |
| — Берово | 281.000.000 динари |
| — Град Скопје | 37.390.000.000 динари |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат со рок на враќање до 15 март 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата под точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2627/1
8 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**767.**

Врз основа на член 19 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 28/87) и член 6 и 7 од Законот за општествената контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА МЕРКА НА НЕПОСРЕДНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ — ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ЦЕНИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Се продолжува важноста на Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност за цени за определени производи („Службен весник на СРМ“ бр. 24/89).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-2579/1
8 декември 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**768.**

Врз основа на член 10 од Уредбата на највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85, 34/86, 41/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/78, 6/88, 5/89, 38/89), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, изнесува и тоа:

— 370.000 динари за службено патување надвор од Републиката;

— 320.000 динари за службено патување во Републиката.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лукс“, категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-2289 од 26. 10. 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2593
4 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и
административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**769.**

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87, 6/88, 5/89 и 38/89), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ВО СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието се утврдува во износ од 2.300.000 динари месечно.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-2290 од 26. 10. 1989 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 декември 1989 година.

Бр. 17-2594
4 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски и
административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

**770.**

Врз основа на член 11 од Законот за општествената контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар, донесе

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА КОИ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СЕ ДОЛЖНИ ДА ДОСТАВУВААТ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЦЕНИТЕ

I. Претпријатијата што се занимаваат со производство, односно со вршење на услуги се должни да доставуваат известување за цените заради следење, и тоа:

1. пет дена пред почетокот на применувањето на цените за следните производи и услуги:

— дневно-информативните весници освен информативните весници од локален карактер;

— надоместок за користење на радио-дифузните приемници.

2. три дена по примената на цените за следните услуги:

— осигурување на имоти и лица — задолжително на моторните возила;

— превоз на патници и стока во меѓумесниот патен сообраќај.

II. Известувањето на цените на производите и услугите од точка I на оваа наредба содржат:

1. Назив на производот, односно услугите;

2. Дата на примената на цените;

3. Соодветни образложенија со назначување на квалитативните фактори на производството и услугите (физички обем на производство, продуктивност, рентабилност, бруто личен доход по вработен, структура на постојните цени, трошоци и друго);

III. Известувањето на цените од точка I на оваа наредба се доставува во писмена форма до Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар.

IV. Со влегувањето во сила со оваа наредба престанува да важи Наредбата за определување на производи и услуги за кои организациите на здружен труд се должни да доставуваат известување за цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/89).

V. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11-995/1
12 декември 1989 година
Скопје

Републички секретар
за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар
**Иван Митровски**, с. р.

**771.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за здравствената заштита на животните („Службен весник на СРМ“ бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87 и 51/88) претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, издава

## НАРЕДБА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ ВО 1990 ГОДИНА

I

Според одредбите на оваа наредба во 1990 година ќе се организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување, откривање (дијагностицирање) и сузбивање на следните заразни и паразитски болести:

1. Антракс — црн пришт
2. Атипична чума кај живината
3. Ауједкиева болест
4. Белодробна стронгилоза кај овците и желудечно цревна стронгилоза кај говедата и овците.
5. Беснило
6. Бруцелоза
7. Гангренозно воспаление на вимето кај овците
8. Генитална кампилобактериоза
9. Ехинококоза
10. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата
11. Ензоотска леукоза кај говедата
12. Инфективна анемија кај копитарите
13. Инфективен бронхит кај живината
14. Метилавост
15. Класична чума кај свињите
16. Краста
17. Лептоспироза
18. Заразно пресушување на вимето кај кравите
19. Инфективен бовин ринотрахеитис — инфективен пустуларен вулвовагинитис
20. Заразна кривотница кај овците
21. Заразни и паразитски болести кај пчелите
22. Заразни и паразитски болести кај рибите
23. Пироплазмоза
24. Тифус и салмонелоза кај пернатата живина
25. Трихомонијаза
26. Туберкулоза
27. Црвеница (црвен ветар) кај свињите
28. Шушкавец

Мерки за спречување, откривање и сузбивање на други заразни и паразитски болести кај животните од член 2 од Законот за заштита на животните од заразните болести што ја загрозуваат целата земја (Сојузен закон) и член 6 од Законот за здравствената заштита на животните (Републички закон) ќе се преземат доколку тие се појават или постои опасност да се појават.

II

Мерки за спречување на појавата на заразни болести (имунопрофилактички мерки).

1. Антракс и шушкавец

Во сите дистрикти на антраксот превентивна вакцинација на говедата, овците, козите и коњите против антраксот ќе се изврши во периодот од 1 април до 31 мај 1990 година.

Животните кои во пропишаниот рок од став 1 на оваа точка не ги исполнуваат условите за вакцинација, како и телињата, јагнињата, јарињата и ждребињата што ќе се родат подоцна, дополнително ќе се вакцинираат кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Превентивната вакцинација на говедата, овците, козите и коњите против антраксот ќе се изврши во сите организации на здружениот труд што се занимаваат со сточарство и се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на антраксот, односно кога не се знае неговото потекло.

Заради сузбивање и искоренување на антраксот кај животните се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на бедреницата кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

Во сите дистрикти на шушкавецот (подрачјето во кое во последните 5 години е установен шушкавец) превентивна вакцинација на говедата ќе се врши согласно став 1, 2 и 3 од оваа точка.

2. Беснило

Превентивна вакцинација против беснилото на кучињата постари од 4 месеци ќе се изврши на целата територија на Републиката во периодот од 3 јануари до 31 март 1990 година.

Вакцинација ќе се врши со антирабична вакцина регистрирана за употреба во СФР Југославија.

Кучињата од племенити раси и мачки можат да се вакцинираат со инактивирана вакцина.

Кучињата кои до 31 март 1990 година немаат 4 месеци возраст, односно кучињата кои во текот на годината ќе достигнат старост од 4 месеци и новонабавените кучиња кои не се порано вакцинирани мораат да се вакцинираат против беснило во текот на четиринаесет дена од денот кога ќе ја достигнат пропишаната старост.

Заради сузбивање на беснилото кај животните ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на беснилото кај животните („Службен лист на СФРЈ“ број 39/88).

3. Ауједкиева болест

Во 1990 година ќе се изврши вакцинација против Ауједкиевата болест на сите свињи и прасиња во индивидуалните и општествените свињарски фарми во кои оваа болест била утврдена во 1989 година и порано, како и во свињарските фарми каде ќе биде утврдена во 1990 година. Вакцинацијата на мајките мора да се изврши најмалку 14 дена пред прасењето.

4. Класична чума кај свињите

Поради неповолната епизоотиолошка состојба, задолжително ќе се врши превентивна вакцинација против класичната чума кај свињите на целата територија на Републиката.

Вакцинација на сите свињи постари од 3 месеци кај индивидуалните производители ќе се врши 2 пати годишно и тоа во периодот март — април и септември — октомври, а вакцинацијата на приновениот подмладок, назимките, маториците и нерезите, кога ќе ги исполнат условите, наведени во упатството на вакцината која се употребува.

Вакцинацијата на свињите во општествените свињарски фарми и индивидуалните свињарски фарми каде има повеќе од 10 свињи ќе се врши периодично и континуирано, според технолошкиот процес и упатството на производителот на вакцината, така да се обезбеди траен имунитет.

Заради сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на класичната чума кај свињите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

5. Црвеница (црвен ветар) кај свињите

Превентивна вакцинација на свињите против црвеницата, во зависност од епизоотиолошката состојба, ќе се врши во населените места и во општествените свињарски фарми што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

6. Ентеротоксемија кај овциге и заразен пролив кај јагнињата

Во населените места и во општествените овчарски фарми, каде во последните пет години (1985—1989) е утврдена ентеротоксемијата кај овците и заразниот пролив кај јагнињата, како и во подрачјата и фармите во кои оваа болест ќе биде накнадно установена, ќе се изврши вакцинација на овците со адекватна вакцина.

7. Заразна кривотница кај овците

Превентивна вакцинација на овците против заразната кривотница ќе се врши во населените места и во општествените овчарски фарми, што се сметаат за загрозени од оваа заразна болест.

8. Атипична чума кај живината

Превентивна вакцинација на живината против атипичната чума (Њукастл-болест) задолжително ќе се врши на целата територија на Републиката два пати годишно, според планот што ќе го изработат ветеринарните станици.

Вакцинацијата ќе се врши од 1 март 1990 до 31 мај 1990 година прв пат, и од 1 септември до 30 ноември 1990 година втор пат со мезогени или лентогени „La sota“ соеви на вирусот и тоа парентерално, окулоназално или со распрашување — спреј апликација (ако постојат услови за тоа).

Во населените места што се граничат со општествените живинарски фарми, ќе се изврши трикратна вакцинација со вакцината „La sota“.

Пернатата живина и пернатата дивеч во општествените фарми и во другите фарми на организирано интензивно производство, мора да се вакцинираат против атипичната чума кај живината периодично и континуирано, според возраста на живината, така да се обезбеди солиден траен имунитет.

Успехот на вакцинацијата се контролира со серолошко испитување кое е составен дел на имунопрофилаксата.

Заради сузбивањето и искоренувањето на Њукастл-болест кај пернатата живина, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на Њукастл-болестст кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

9. Инфективен бронхит кај живината

Во сите општествени и индивидуални живинарски фарми во 1990 година ќе се изврши заштитна вакцинација на подмладокот против инфективниот бронхит, според технолошкиот процес и упатството на производителот на вакцината.

III

Дијагностички испитувања

1. Бруцелоза

а) Говеда

Од сите крави, јуници, јунчиња и бикови во организациите на здружениот труд што се занимаваат со одгледување и гоење на говеда, еднаш годишно, во период од 1 февруари до 31 мај 1990 година, мора да се земе крв за преглед на бруцелоза со серолошка постапка.

Крв од бикови, кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување и природен припуст, мора два пати годишно да се прегледа на бруцелоза

Во 1990 година ќе се зема крв за преглед на бруцелоза од 1/3 од сите крави, јуници, јунчиња и бикови на индивидуалните сточари во општината, во населените места што ќе ги определи општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, како и од сите приплодни јуници и молзни крави, во домаќинствата кои продаваат млеко за јавна потрошувачка.

Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1990 година ќе се земе крв најмалку од 1/2 од предвидениот број на животни од став 3 на оваа точка од индивидуалниот сектор а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1990 година од втората половина од преостанатиот број.

Земањето на крв за преглед на бруцелоза од говедата што се гојат ќе се изврши на почетокот на гоењето.

Ветеринарните лекари се должни при секое пометнување (абортус) на крави и јуници, стелни преку 5 месеци, да достават крв за лабораториско испитување.

б) Свињи

Сите приплодни свињи во општествена сопственост мораат еднаш годишно да се прегледаат на бруцелоза. Испитувањето ќе се изврши до крајот на мај 1990 година. Крвта од назимки се прегледува пред почетокот на нивното користење за приплод (припуст).

Крв од нерези, кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување и природен припуст, мора два пати годишно да биде прегледана на бруцелоза. Еден од прегледите е пред вклучување на нерезите во приплод.

в) Овци и кози

Во периодот од 1 март до 30 јуни и од 1 септември до 30 октомври 1990 година ќе се земе крв за преглед на бруцелоза од сите овци и кози постари од 3 месеци во индивидуалниот сектор од населени места во општината, кои не беа опфатени со земање на крв во 1988 и 1989 година и од сите овци, кози, говеда и свињи во населени места согласно Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата, овците, козите и свињите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 44/84)

Сите овци и кози постари од три месеци, во општествениот и индивидуалниот сектор, кои одат од зимско на летно пасење, од една во друга општина или од еден во друг атар на истата општина, а во индивидуалниот сектор и при одењето од летно на зимско пасење, мораат да бидат испитани на бруцелоза 100%, што се докажува со уверението за здравствената состојба, во кое се внесуваат податоците за бројот на серолошки испитаните животни, денот и резултатите на испитувањето и називот на организацијата што го извршила испитувањето.

Пред испитувањето овците и козите мора да бидат трајно обележени.

Ако во стадото овци и кози се утврди бруцелоза во поголем обем или ако болеста се појави во ограничени размери или ако при три едноподруго испитувања има позитивни животни, серолошки негативните животни, кои потекнуваат од позитивните стада, по претходно прибавеното мислење од Републичката управа за ветеринарна служба, ќе се испратат на колење.

Се забранува употреба и продавање за јавна потрошувачка на пресно бело сирење. Ова сирење може да се пушти во промет откако ќе престои 3 месеци во лагер-ладилник и бактериолошки се испита.

Од сите нововнесени говеда, овци, кози и свињи за приплод и гоење во Републиката, задолжително ќе се зема крв за преглед на бруцелоза најкасно до десетиот ден од денот на нивното внесување.

Заради сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата, овците, козите и свињите ќе се применуваат мерките предвидени со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на бруцелозата кај говедата, овците, козите и свињите.

2. Туберкулоза

а) Говеда

На дијагностичко испитување на говедата на туберкулоза подлежат сите говеда што наполниле 3 месеци.

Во организациите на здружениот труд што се занимаваат со одгледување и гоење на говеда, ќе се изврши еднократна туберкулинизација во периодот од 1 февруари до 31 мај 1990 година.

Дијагностичко испитување на говедата во индивидуалниот сектор, се врши еднаш годишно ако тие говеда се наоѓаат кај држатели кои ставаат во промет млеко и млечни производи за исхрана на луѓето.

Ако држателите на говедата не ставаат во промет млеко и млечни производи, ќе се врши туберкулинизација еднаш во три години, односно ќе се врши еднократна туберкулинизација на една третина на говедата во индивидуалниот сектор во општината, во населените места што ќе ги определи општинскиот орган на управата надлежен за ветеринарство

Дијагностичко испитување на туберкулоза на говедата од став 3 и 4 од оваа точка ќе се врши во периодот од 1 февруари до 30 јуни и од 1 септември до 30 ноември 1990 година.

За обновување на матичното стадо можат да се користат говедата, кои претходно биле туберкулинизирани со негативен резултат на туберкулоза.

б) Свињи

Дијагностичко испитување на свињи на туберкулоза, се врши со метод на симултана интрадермална туберкулинизација, со авијарен и бовин стандарден туберкулин.

Туберкулинизација на сите приплодни свињи и свињите за приплод наменети за продажба, со наполнети четири месеци во општествена сопственост и кај индивидуалните сопственици, се врши еднаш годишно најкасно до крајот на октомври 1990 година.

Заради сузбивање и искоренување на туберкулозата кај говедата и свињите ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на туберкулозата кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/89).

3. Ензоотска леукоза кај говедата

На дијагностичко испитување на ензоотска леукоза се подложуваат говедата што наполниле шест месеци од животот.

Земента крв од говедата за преглед на бруцелоза, од дел III точка 1-а од оваа наредба, лабораториски ќе се испита и на ензоотската леукоза.

Заради сузбивање и искоренување на ензоотската леукоза кај говедата. ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање на искоренување на ензоотската леукоза кај говедата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 39/89).

Секое новооткриено леукозно говедо, веднаш се испраќа на принудно колење.

4. Лептоспироза

На дијагностичко испитување на лептоспироза подлежат најмалку еднаш годишно приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи во општествениот сектор.

Приплодни говеда, приплодни свињи и приплодни коњи во индивидуалниот сектор подлежат на дијагностичко испитување на лептоспироза најмалку еднаш во три години, зависно од епизоотиолошката состојба.

Земената крв од говеда и свињи за преглед на бруцелоза од дел III точка 1а и 1б од оваа наредба и земената крв од приплодни коњи во општествена сопственост, лабораториски ќе се испитаат и на лептоспироза.

Во 1990 година ќе се зема крв за преглед на лептоспироза од една третина од приплодни свињи и приплодни коњи во општината, во населените места што ќе ги определи општинскиот орган на управата надлежен за ветеринарство. Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1990 година ќе се зема крв најмалку од 1/2 од предвидениот број на приплодни говеда, свињи и коњи а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1990 година од преостанатиот број.

Заради сузбивање и искоренување на лептоспироза кај животните, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на лептоспироза кај животните („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

5. Генитална кампилобактериоза

Брис или препуцијален испирок од бикови, кои се користат за производство на семе за вештачко осеменување, мора најмалку еднаш годишно, најкасно до 31. 05. 1990 година, лабораториски да се испита на кампилобактериоза. Биковите кои се користат за природен припуст, мораат два пати годишно да се испитаат на генитална кампилобактериоза. Првиот преглед мора да се изврши пред нивното користење за приплод односно користење на нивното семе за вештачко осеменување.

6. Инфективен бовин ринотрахеитис-инфективен пустуларен вулвовагинитис (ИБР/ИПВ)

На дијагностичко испитување на ИБР/ИПВ подлежат еднаш годишно, центарот за вештачко осеменување, сите центри за тестирање на приплодни бикови (тестни станици) и објекти за репродукција (фармите).

Во центарот за вештачко осеменување, испитувањата на ИБР/ИПВ на сите приплодници, ќе се изврши до крајот на мај 1990 година. Семето од секој приплодник ќе се испитува најмалку еднаш во три месеци.

Во објектите за репродукција (фармите) до крајот на мај 1990 година, ќе се земе крв од најмалку 20% од вкупниот број на животни за испитување на ИБР/ИПВ.

Заради сузбивање и искоренување на ИБР/ИПВ ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за сузбивање и искоренување на инфективен бовин ринотрахеитис-инфективен пустуларен вулвовагинитис („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 63/89).

7. Заразно пресушување на вимето кај кравите

Во текот на 1990 година ќе се изврши, во растојание од околу 6 месеци, еднократен теренски преглед на млекото на пореметување на секрецијата на вимето и еднократен лабораториски преглед на млекото на заразното пресушување на вимето, од сите крави во организациите на здружениот труд, како и еднократен лабораториски преглед на млекото од сите крави во индивидуалниот сектор, кои продаваат млеко за јавна потрошувачка.

8. Гангренозно воспаление на вимето кај овците

Од овци, болни односно сомнителни на гангренозно воспаление на вимето, ќе се земе материјал за лабораториско испитување и врз основа на резултатот од испитувањето ќе се применат соодветни ветеринарно санитарни мерки.

9. Инфективна анемија кај копитарите

Заради утврдување на инфективната анемија кај коњите, во текот на 1990 година ќе се земе крв од една петтина (20%) од сите коњи во општината, во населените места, што ќе ги определи општинскиот орган на управата надлежен за ветеринарство.

По исклучок од одредбите од став 1 на оваа точка, преглед на крвта на коњите мора да се врши еднаш годишно во општествени стопанства, приплодни и спортски ергели, во пастуварници, коњички

клубови, шумски и други работилишта (манипулации), од сите пастуви пред нивното лиценцирање и во сите запати каде што има повеќе од 10 коњи

За природен припуст ќе се користат само лиценцирани пастуви кои не се инфицирани со инфективна анемија кај копитарите, што се докажува со потврда за извршено дијагностичко испитување.

Утврдување, сузбивање и искоренување на инфективната анемија кај копитарите, ќе се врши согласно Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на инфективната анемија кај коњите („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 39/88).

10. Тифус и салмонелоза кај пернатата живина

Дијагностичко испитување на тифус кај живината во јатата на перната живина, во 1990 година ќе се врши согласно член 4, 5, 6 и 7 од Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на тифусот кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

Дијагностичко испитување на салмонелоза кај живината, во јатата на перната живина, во 1990 година ќе се врши согласно член 4 од Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на салмонелозата кај пернатата живина („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

11. Заразни и паразитски болести на пчелите

Во периодот до 30. VI. 1990 година ќе се изврши преглед на заразни и паразитски болести кај пчелите (Американска чума на пчелино легло, акароза, нозема и варооза), на сите кошници (сандаци) пчели, во организациите на здружениот труд што се занимаваат со пчеларство и кај индивидуалните пчелари, во места каде постои индикација или сомневање на заразни односно паразитски болести кај пчелите.

Контролно дијагностичко испитување на американската чума на пчелиното легло, ќе се врши во септември или октомври, во сите пчеларници во кои е утврдена таа зараза.

На дијагностичко испитување на акароза, нозема и варооза подлежат еднаш годишно, до крајот на март 1990 година сите пчеларници од кои се пуштаат во промет пчелини заедници и пчелини заедници за одгледување на матици.

Заради сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите, ќе се применуваат мерките пропишани со Правилникот за мерките за сузбивање и искоренување на заразни болести на пчелите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 6/88).

12. Заразни и паразитски болести на рибите

Во текот на 1990 година ќе се изврши најмалку еден преглед на вештачки рибници, природни и вештачки езера, а при сомневање на појава на заразни и паразитски болести на рибите, ќе се земе и испрати материјал на лабораториско испитување.

Во рибниците за пастрмки ќе се изврши:

— клиничко и лабораториско испитување на подмладокот, на возраст од 5 месеци, на миксозоматоза (брливост кај пастрмката);

— во периодот март-април, вирусолошко испитување на подмладокот, а во декември испитување на матичното јато (пастрмките матици) на вирусна хеморогична септикемија кај пастрмките;

— лабораториско (вирусолошко) испитување на подмладокот, во јуни, а матичното јато во декември на појавата на заразната некроза на панкреасот кај пастрмките.

Во сите рибници за производство на крап, во периодот март-април 1990 година, ќе се изврши преглед на здравствена состојба на рибите, заради откривање на појава на пролетната виремија кај крапот (ПВК) а во септември ќе се испитаат на присутноста на антитела на ПВК во матичното јато.

IV

Мерки за спречување и откривање на паразитски болести.

1. Ехинококоза

При вакцинација на кучиња против беснило ќе се изврши дехелминтизација против Ecxinococcus granulosus со средство кое со еднократна или двократна апликација убива зрели и развојни форми на паразитот.

Во загрозените подрачја и кај овчарските кучиња, заради ерадикација на ехинококоза, во зимскиот период ќе се изврши трикратна дехилминтизација на кучињата. Втората дехелминтизација ќе се изврши 4—6 недели по првата, а третата 4—6 недели по втората дехелминтизација.

Заради спречување на дисеминацијата на јајцата од паразитите, се обврзуваат сопствениците, најмалку 48 часа по третирањето, да ги држат своите кучиња во ограден простор, а нивниот измет нештетно да го отстранат.

2. Метилавост

Во сите населени места и организации на здружениот труд што се занимаваат со сточарство, во кои со лабораториско испитување ќе се утврди метилавост кај овците и говедата, ќе се изврши најмалку двократно превентивно третирање против метилавоста. Првото третирање ќе се изврши во текот на пролетта, а второто во текот на есента 1990 година, според планот на ветеринарните станици и ветеринарните служби во организациите на здружениот труд.

3. Пироплазмоза

Во периодот од 1. IV. до 30. IX. 1990 година во подрачјата загрозени од пироплазмоза, ќе се изврши најмалку двократно капење со против крлежни средства на овците и говедата и на сите новонабавени говеда и овци од благородни раси.

4. Краста кај животните

Во населените места и во општествените овчарски фарми, во кои крастата кај овците била утврдена во 1989 година, најдоцна до крајот на април 1990 година, ќе се изврши паразитолошки преглед на овците.

Паразитолошко испитување на заразеност на овците и другите домашни животни со краста ќе се врши и во сите сомнителни случаи.

Заради сузбивање и искоренување на крастата на домашните животни, ќе се преземаат соодветни ветеринарско-санитарни мерки.

5. Трихоминијаза

Биковите кои се користат за природен припуст, мораат најмалку два пати во текот на 1990 година, лабораториски да се испитаат на трихомонијаза.

Во центарот за вештачко осеменување, биковите кои се користат за добивање на семе за вештачко осеменување, мораат најмалку еднаш годишно да се испитаат на трихомонијаза.

Првиот преглед мора да се изврши пред нивното користење за природен припуст, односно за добивање на семе за В/О.

6. Белодробна стронгилоза и желудечно цревни паразити кај овците и козите

Од сите стада говеда и овци во организациите на здружениот труд, како и од сите стада овци и говеда во индивидуалниот сектор во населените места во кои постои сомнение дека овците и говедата се заразени со белодробна стронгилоза, односно со желудечно цревни паразити ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

Заради сузбивање и искоренување на овие паразитски (инвазиони) болести ќе се преземаат соодветни ветеринарно санитарни мерки.

V

Утврдувањето на болестите од дел I на оваа наредба, со исклучок на туберкулозата, се врши врз основа на лабораториски наод во една од овластените ветеринарно дијагностички организации во земјата.

VI

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр. 11-2924/3
7 декември 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство,
м-р **Богдан Тодоровски,** с. р.

**772.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Градец, Собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 2.493 ха, 50 ари, 80 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-1149/1
12 декември 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р.

**773.**

Врз основа на член 80 став 4 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ" бр. 27/86) донесувам

## РЕШЕНИЕ

Се прогласува и става во сила катастарскиот операт на недвижностите за катастарска општина Ранковци, собрание на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 1 192 ха, 91 ари, 47 м$^2$.

Катастарскиот операт на недвижностите ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Од денот на применувањето на катастарскиот операт на недвижностите се става вон сила досегашниот катастарски операт на земјиштето за оваа катастарска општина.

Бр. 13-1149/1
12 декември 1989 година
Скопје

Директор
на Републичката геодетска управа,
дипл. геод. инж. **Коста Христов,** с. р

**774.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 18 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 7 од Правилникот за основите и мерилата за доделување на станови и кредити за решавање на станбените потреби на работниците во Основното училиште „Цветан Димов" — Скопје, донесен со референдум на 12 февруари 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното училиште на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 7 од Правилникот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што работниот придонес имал доминантно влијание во однос на другите основи за учество на работниците во распределбата на становите и станбените кредити и затоа што не постоеле објективизирани критериуми за утврдување на резултатите од работата, што не било во согласност односно било во спротивност со Уставот.

4. Судот на седницата утврди дека во членот 7 од Правилникот се утврдени бодови во распон, во зависност од степенот на стручната подготовка на работникот, при што, работникот со нижа стручна подготовка добива најмал број бодови, додека работникот со висока стручна подготовка по тој основ добива најголем број бодови. Исто така, и според работниот придонес и квалитетот на работата се утврдени бодови во распон во зависност од тоа дали работникот постигнал надпросечни, просечни или подпросечни резултати во работата без, притоа, да се утврдат објективизирани критериуми за нивното конкретно вреднување.

Согласно член 42 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 48/88 — пречистен текст) давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенството за добивање станови на користење во општествена сопственост.

Имајќи ја предвид оваа законска одредба, Судот смета дека е самоуправно право на работниците да ги утврдат основите за определување редот на првенство за добивање на стан и да ги определат мерилата по тие основи, но притоа се должни да го почитуваат уставното начело на заемност и солидарност изразено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Уставот на СР Македонија, кое, во станбената област се изразува со тоа доминантно влијание при распределбата на станови, да има основот станбена состојба на работникот како и уставното начело изразено во член 13 од Уставот на СР Македонија според кое трудот и резултатите од трудот ја определуваат општествената и материјалната положба на човекот.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 7 од Правилникот основот станбена состојба на работникот нема доминантно влијание при распределбата на средствата за заедничка потрошувачка, и што не се предвидени критериуми за објективизирано вреднување на резултатите во работата, Судот утврди дека оспорената одредба од Правилникот не е во согласност со означените уставни начела и е во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 132/89
18 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**775.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 1 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 13 став 2 и 3 и член 14 став 1 од Правилникот за решавање на станбените прашања на работниците при Централното основно училиште „Маршал Тито“ во село Муртино, општина Струмица, донесен со референдум на 24 јуни 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 124/89 од 20 септември 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на оспорените членови од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со нив е предвидено работникот потстанар својот станбен статус да го докажува со заверен писмен договор од надлежен орган, а доколку нема таков договор да добие помал број на бодови, и што при вреднувањето на основот работен придонес доминантно влијание има редовноста во работата, поради што пред Судот се постави прашањето за согласноста односно спротивноста на оспорените одредби од Правилникот со Уставот и законот.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 13 став 2 и 3 од Правилникот е предвидено потстанарскиот однос да се докажува со писмен договор заверен од Управата за општествени приходи, а доколку работникот нема таков договор да добие помал број на бодови од потстанарите кои имаат таков договор.

Тргнувајќи од член 42 став 2 и член 43 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), Судот смета дека е самоуправно право на работниците да ги утврдат основите и мерилата за утврдување редот на првенството за добивање стан и во рамките на законот да утврдат со кои доказни средства ќе се докажуваат одредени факти при определувањето на тој ред на првенство, но притоа работниците се должни, меѓу другото, да го почитуваат и уставното начело на еднаквост и за иста станбена состојба да предвидат еднаков број на бодови, а не вреднувањето на станбената состојба да го условуваат од видот на доказното средство.

Со оглед на тоа што во оспорените одредби од Правилникот е предвидено работниците — потстанари, кои немаат заверен писмен договор за докажување на својот станбен статус, по основот станбена состојба да добиваат помалку бодови од потстанарите кои имаат таков договор, иако се наоѓаат во иста станбена состојба, Судот утврди дека тие не се во согласност со уставното начело на еднаквост утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија.

5. Понатаму, Судот утврди дека во член 14 од Правилникот е извршено вреднување на основот работен придонес, при што тој се изразува преку редовната присутност на работникот, натфрлувањето на нормата и иноваторството и рационализацијата, а најголем број на бодови се утврдени за редовна присутност на работникот.

Според мислењето на Судот, поаѓајќи од уставното начело утврдено во член 13 од Уставот на СР Македонија, според кое само трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот врз основа на еднакви права и одговорности, при утврдување на мерилата по основот работен придонес работниците треба пред сè да ги оценуваат и вреднуваат вистинските резултати постигнати во работата.

Со оглед на тоа што според член 14 од Правилникот со најголем број на бодови се вреднува редовното присуство на работникот, а не вистинските резултати од работата, Судот утврди дека тој не е во согласност со означеното уставно начело.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 124/89
1 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

**776.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 1 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 48 став 2 од Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања, донесен од работниците во Училиштето за средно насочено образование „Перо Наков“ во Куманово на 13 март 1989 година и Табеларниот преглед составен дел на означениот член од Правилникот, во делот во кој е извршено вреднување на работните задачи на работниците во настава со средна стручна подготовка.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 105/89 од 6 септември 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 48 став 2 од правилникот означен во точката 1 од ова решение, затоа што според него право на зголемен личен доход имаат само професорите истакнати и особено истакнати педагошки работници што се магистри или доктори во струката, иако овие степени на образование не се предвидени како услов за вршење на одредени работи и работни задачи, ниту како основ за добивање на звањата истакнат и особено истакнат педагошки работник, како и за оценување уставноста и законитоста на означениот дел од Табеларниот преглед, затоа што се врши намалување на личниот доход на наставниците со средна стручна подготовка по сите основи, а не само по основот сложеност, поради што се постави прашањето за согласноста на означените одредби од Правилникот и табеларниот преглед со уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 48 став 2 од Правилникот е предвидено пондерационите коефициенти за професор истакнат педагошки работник и особено истакнат педагошки работник да се зголемуваат за одреден процент, само ако педагошкиот работник е доктор во струката, за магистар или специјалист.

Според член 22 и 23 од Уставот на СР Македонија самоуправно право е на работниците да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, со кои треба да се обезбеди остварување на уставното начело за распределба според трудот и резултатите од трудот.

Согласно член 149 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 15/85, 2/86, 29/86, 7/88 и 18/89) звањата истакнат и особено истакнат педагошки работник се добиваат за посебни резултати постигнати во воспитно-образовната работа и воспитната работа, независно од тоа дали наставниците се доктори, магистри и специјалисти.

Поаѓајќи од уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот, а во рамките на самоуправното право, според мислењето на Судот, работниците како основ за распределба на средствата за лични доходи можат да ги предвидат и звањата истакнат и особено истакнат педагошки работник, затоа што тие, согласно законот, се добиваат за постигнати резултати во работата. Меѓутоа, доколку овие звања се предвидат како основ за распределба на средствата за лични доходи, не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот, ако од таа распределба се исклучуваат професорите што ги добиле овие звања, а не се доктори, магистри или специјалисти, затоа што овие степени на образование не се предвидени како услов за добивање на означените звања, ниту како услов за вршење на определени работи и работни задачи. Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека оспорената одредба од Правилникот не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

5. Понатаму, Судот утврди дека во Табеларниот преглед за вреднување на работите и работните задачи, за работниците во настава со средна стручна подготовка е утврден помал личен доход по сите основи.

Согласно член 147 став 2 и 3 од Законот за насоченото образование наставници во средното образование можат да бидат лица кои завршиле соодветна група за образование на наставници на факултет, висока школа или уметничка академија, а можат да бидат и лица со завршено соодветно високо образование и се здобиле со педагошко-психолошка и методска подготовка.

Од изнесените законски одредби произлегува дека основен и единствен услов за наставниците во средното образование е висока стручна подготовка. Меѓутоа, според преодните и завршните одредби од означениот закон (член 296) за одделни наставни предмети и форми на образовно-работна практика во средното образование, за кои во СФРЈ не се подготвуваат кадри со високо образование, додека такво образование не се организира, воспитно-образовната работа можат да ја изведуваат и лица со завршено више, односно средно образование, за што одлучува Републичкиот педагошки совет.

Со оглед на тоа што како основен услов за наставник во средното образование е високото образование, а само по исклучок и лица што немаат високо образование можат да ги вршат овие работи и работни задачи, Судот смета дека не е во несогласност со уставното начело на распределба според трудот намалување на личниот доход на наставниците кои не го исполнуваат основниот услов за изведување на настава предвиден во законот, но само доколку тоа намалување се врши по подосновот стручна подготовка односно по основот сложеност ако не е предвидена стручната подготовка како подоснов, а не по сите други основи за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што во оспорениот дел на означениот табеларен преглед за наставниците со средно образование утврден е помал број на бодови по сите основи (сложеност, одговорност, услови) Судот утврди дека тој не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Врз основа на изнесеното, судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 105/89
1 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**777.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста на членовите 2 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок од доход на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ“ бр. 18/89).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Работната организација „Вардар“ во Неготино и Земјоделската задруга „Слобода“ во село Зелениково — Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведоа постапка за оценување уставноста на одредбите од законот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што со член 2 од Законот се зголемува основицата за пресметување на данокот, зависно од движењето на цените на мало, а со член 4 е предвидено негово повратно дејство, што не било во согласност со Уставот на СР Македонија.

4. На седницата Судот утврди дека според член 2 од Законот, месечниот износ на аконтацијата на данокот од доход на организациите на здружениот труд за тековниот месец се утврдува со примена на пропишаната стапка, и тоа за периодот јануари — јуни, според основицата на данокот од доход утврден по годишната пресметка за претходната година, зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходната година и за периодот јуни — декември според основицата на данокот на доход утврдена по полугодишната пресметка зголемена за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката во претходниот период од второто полугодие во однос на просечните цени на мало во првото полугодие.

Според член 84 од Уставот на СР Македонија, работниците во здружениот труд учествуваат во обезбедувањето на општите општествени потреби што ги задоволуваат во општините и во Републиката, меѓу другото, и со плаќање данок од доход на основната организација на здружениот труд, а според член 86 од Уставот, системот, изворите и видовите даноци се утврдуваат со закон, додека нивната висина самостојно се утврдува од општините односно од Републиката, зависно од тоа дали соодветниот данок со закон е утврден како нивни приход.

Од изнесените уставни одредби произлегува дека, во рамките на овластувањето да ги уреди системот, изворите и видовите даноци, Републиката е овластена да утврди обврска за организациите на здружениот труд да плаќаат и данок од нивниот доход. Со оглед на тоа што данокот од доходот на организациите на здружениот труд е приход на Републиката, таа самостојно ја утврдува неговата висина односно елементите од кои таа висина се изведува — основицата, даночната стапка, како и начинот на утврдување, пресметување и плаќање на данокот.

Според мислењето на Судот, со оспорената законска одредба се менува само начинот на пресметувањето на основицата на месечниот износ на аконтацијата на тој данок, а не и самата основица, затоа што доходот на организациите на здружениот труд и понатаму претставува основица за утврдувањето како на износот на месечната аконтација на данокот, така и за конечното утврдување на данокот по завршната сметка.

Поради тоа, Судот оцени дека член 2 од означениот закон не е во несогласност со наведените одредби од Уставот на СР Македонија.

5. Според член 4 од Законот тој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Според член 262 став 2 и 3 од Уставот на СР Македонија законите, другите прописи и општи акти не можат да имаат повратно дејство, а само со закон може да се определи одделни негови одредби, ако тоа го бара општиот интерес утврден при донесувањето на законот, да имаат повратно дејство.

Според мислењето на Судот, од целината на Законот, а особено од одредбите на член 17, според кој во текот на годината се плаќа аконтација на данокот и член 15, според кој конечната пресметка на данокот се утврдува со завршната сметка, произлегува дека односите во утврдувањето и плаќањето на данокот од доход на организациите на здружениот труд настанати во текот на календарската година не се завршени се до конечната пресметка на данокот. Поради тоа, во областа на пресметувањето и плаќањето на данок, конечно завршени односи претставуваат само пресметувањето и плаќањето на данокот по завршната сметка од претходната година. Затоа, менувањето на начинот на пресметувањето на аконтацијата на данокот во текот на годината, се до конечната пресметка на данокот по завршната сметка, нема карактер на повратно дејство на законот со кој тоа менување се врши, без оглед во кое време од годината тој влегува во сила односно се применува.

Поради тоа што со оспорениот член 4 од Законот се уредува начинот на пресметување на аконтацијата на данокот од доход во текот на годината во која се плаќа данок, а конечното пресметување се врши по завршната сметка, Судот оцени дека член 4 од означениот закон не е во несогласност со член 262 од Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 139/89
25 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**778.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 1 став 3 во делот што се однесува на организациите на здружениот труд и член 3 од Одлуката за воведување на месетен самопридонес за изградба на главен цевовод за снабдување со вода за пиење, донесена од Советот на Месната заедница „Козјак" во с. Карпош, општина Куманово, на 20 февруари 1989 година („Службен гласник на општина Куманово" бр. 1/89).

2. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 143/89 од 6 септември 1989 година, поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што се постави прашањето за нејзината спротивност со членот 7 од Законот за општите начела на самопридонесот.

3. На седницата Судот утврди дека според член 1 од оспорената одлука се утврдени обврзниците на самопридонесот, меѓу кои и стопанските организации кои имаат објекти на подрачјето на с. Карпош во сопственост или под наем без разлика дали седиштето им е во с. Карпош. Понатаму, во член 3 од одлуката е предвидено самопридонесот да се плаќа во пари, подеднакво и тоа од домаќинство, сопственик на недвижен имот и викендички, корисник на градежно неизградено земјиште, како и од стопанските организации.

4. Според член 6 од Законот за општите начела на самопридонесот („Службен весник на СРМ" бр. 27/78) за воведување самопридонес на подрачјето на месната заедница работните луѓе и граѓаните одлучуваат со референдум. Согласно член 7 од Законот при воведувањето на обврската за плаќање на самопридонес мора да се води сметка за способноста односно за материјалните можности на работните луѓе и граѓаните. Според членовите 8 и 10, пак, од Законот обврзници на самопридонесот се работните луѓе и граѓаните на подрачјето на кое се воведува самопридонесот, а неговата висина се утврдува сразмерно на личните доходи односно приходите на обврзниците.

Со оглед на тоа што во член 1 од Одлуката како обврзници на самопридонесот се предвидени и организациите на здружениот труд, а во член 3 од Одлуката како обврзници на самопридонесот се утврдени семејните домаќинства, а не одделно работните луѓе и граѓаните, со што неговата висина не се утврдува врз основа на нивните лични доходи односно приходи, Судот утврди дека тие се во спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 143/89
8 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**779.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 25 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 1 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката бр. 02-245 од 7 февруари 1986 година за утврдување на организациите од посебен општествен интерес за Општината Радовиш, донесена од Собранието на општина Радовиш на седницата одржана на 27 јуни 1989 година, во делот во кој работната организација „Хунап" во Радовиш се утврдува како организација од посебен општествен интерес.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Радовиш".

3. Угостителската работна организација „Хунап" во Радовиш, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 1 од одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што Собранието на општина Радовиш означената работна организација ја утврдува како организација од посебен општествен интерес, без основ во Законот за угостителска и туристичка дејност.

4. На седницата Судот утврди дека во оспорениот член 1 од Одлуката е утврдено дека Угостителската работна организација „Хунап" во Радовиш е организација од посебен општествен интерес за општината.

5. Според член 50 став 1 од Уставот на СР Македонија со закон и со одлука на општината врз основа на закон може да се утврди дека се од посебен општествен интерес определени дејности или работи на организациите на здружениот труд што вршат општествени дејности и да се уреди начинот на остварувањето на посебниот општествен интерес и остварувањето на самоуправните права на работниците во согласност со тој интерес.

Според точка 7 од Амандманот XXVI на Уставот на СР Македонија со закон и со одлука на Собранието на општина односно на градската заедница заснована врз закон може ако тоа го бара посебниот општествен интерес, да се уреди начинот на остварување на тој интерес во работењето на организациите на здружениот труд што вршат стопанска дејност кога тоа работење е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните или за работа на другите организации на определено подрачје.

Од означените уставни одредби произлегува дека со одлука на општината донесена врз основа на закон може да се утврди дека се од посебн опште-

ствен интерес определени дејности или работи само на организациите што вршат општествени дејности, а за организациите што вршат стопански дејности собранието на општината може врз основа на закон да го уреди само начинот на остварување на посебниот општествен интерес под услов тоа работење да е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните или за работа на другите организации на определено подрачје.

Во Законот за угостителската и туристичката дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 27/83, 21/84, 29/86, 30/87 и 36/88) не е уредено прашањето за остварување на посебниот општествен интерес во работењето на организациите на здружениот труд што вршат угостителска дејност, односно дека работењето на овие организации на здружениот труд претставува незаменлив услов за живот и работа на граѓаните или за работа на другите организации на определено подрачје, ниту пак, е предвидено овластувањето на општината да го уреди начинот на остварувањето на посебниот општествен интерес во угостителските организации на здружениот труд.

Со оглед на изнесеното Судот смета дека Собранието на општина Радовиш немало уставен и законски основ определени угостителски работни организации да ги утврди како организации од посебен општествен интерес, ниту да го уреди начинот на остварување на тој посебен општествен интерес во овие организации на здружен труд.

Врз основа на изнесеното Судот утврди дека оспорениот член од одлуката не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 168/89
25 октомври 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

## 780.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 ноември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за распределба на станови и средства за станбена изградба на работниците во Хотелско-угостителската трговска работна организација „Тиквеш“ во Неготино, донесен во 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 157/89 од 13 септември 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност односно спротивност со Уставот и законот.

4. На седницата Судот утврди дека оспорениот правилник не е донесен со референдум, како задолжителен облик на одлучување на работниците за основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка, предвиден во член 438 став 1 од Законот за здружениот труд, поради што утврди дека е во спротивност со означената законска одредба.

5. Судот, исто така, утврди дека во член 14 од Правилникот како основ за распределба на станови и станбени кредити е предвиден и вреднуван работниот придонес и тоа само преку степенот на стручната подготовка, без притоа да се предвидат и други основи преку кои тој се изразува.

Согласно член 42 став 2 и член 43 став 1 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88) самоуправно право е на работниците во основната организација да ги утврдат основите и мерилата за редот на првенство за распределба на станови и станбени кредити.

Тргнувајќи од член 13 од Уставот на СР Македонија, според кој трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот, работниците се должни како основ за определување редот на првенство за добивање на стан да го предвидат и работниот придонес, но притоа, Судот смета дека придонесот на работникот не може да се изразува само преку стручната подготовка, туку и преку постигнатите резултати во работата.

Со оглед на тоа што во означениот член од Правилникот работниот придонес се вреднува само преку степенот на стручната подготовка, Судот утврди дека тој не е во согласност односно е во спротивност и со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 157/89
15 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

## 781.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 ноември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 88 став 2 алинеја 3 и 4 од Статутот на Медицинскиот центар во Дебар, донесен со референдум на 23 декември 1977 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на членовите 87 и 89 од Статутот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Медицинскиот центар во Дебар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Дебар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членовите 87, 88 став 2 алинеја 3 и 4 и член 89 од Статутот означен во точката 1 од оваа одлука затоа што не биле во согласност со Уставот и законот.

5. На седницата, Судот утврди дека во член 88 став 2 алинеја 3 се предвидени услови за избор на индивидуален работоводен орган, при што, покрај другото, е предвидено дека кандидатот треба да има 6 години работно искуство од кои 4 години на раководни работни места.

Во Оддел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија е утврдено дека неприкосновената основа на положбата на човекот ја сочинува, меѓу другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, а во член 210 став 3 од Уставот е утврдено дека на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството.

Според член 168 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88) за индивидуален работоводен орган на здравствена организација може да се именува лице со високо образование кое ги исполнува и другите услови предвидени во Статутот на здравствената организација.

Од означените одредби произлегува дека е самоуправно право на работниците поблиску да ги утврдат условите за именување на раководен орган а во тие рамки да го предвидат и работното искуство во зависност од потребите на процесот на трудот, условите за работа и степенот на сложеноста, но притоа се должни да ги почитуваат постојните уставни начела за еднаквоста и за достапноста на секое работно место и функција на секого под еднакви услови. Затоа Судот смета дека со утврдувањето на условот работно искуство на раководни задачи како посебен услов за именување работоводен орган се ограничува достапноста на тоа место за граѓаните кои немаат такво искуство, па утврди дека член 88 став 2 алинеја 3 од Статутот не е во согласност со Уставот на СР Македонија.

6. Понатаму, Судот утврди дека во член 88 став 2 алинеја 4 од Статутот, е предвидено, покрај другото, кандидатот за индивидуален работоводен орган да поседува организациони способности и морално-политички квалитет.

Според член 251 став 2 од Уставот на СР Македонија само со закон се определува во кои случаи и под кои услови користењето на слободите спротивно на Уставот повлекува ограничување или забрана на нивно користење.

Врз основа на означената уставна одредба Судот смета дека само со закон, а не со самоуправен општ акт може да се определи во кои случаи и под кои услови користењето на слободите и правата повлекуваат ограничување или забрана на нивно користење.

Тргнувајќи од означените уставни начела и член 168 од Законот за здравствена заштита Судот смета дека самоуправно право е на работниците да ги утврдат посебните услови за именување на индивидуален работоводен орган, при што како посебен услов можат да ги предвидат и организаторските способности на кандидатот но под услов да бидат предвидени објективни критериуми за утврдување на тие способности на кандидатот.

Со оглед на изнесеното. Судот смета дека со предвидувањето на организаторските способности како еден од условите за именување на работоводен орган без поблиску определување на објективни критериуми за утврдување на тие способности, како и со утврдувањето на морално-политичките квалитети без законска основа се повредува уставното начело на еднаквост и достапност на секое работно место и функција во општеството на секого под еднакви услови, односно се надминуваат уставните рамки за ограничување на користењето на слободата на човекот.

8. Што се однесува до наводот во предлогот да се оцени уставноста на член 87 и 89 од Статутот во поглед на начинот на именувањето, положбата и одговорноста на индивидуалниот работоводен орган, Судот утврди дека тие не се во несогласност со член 121 и 122 од Уставот на СР Македонија и точка 4 и 5 од Амандманот XLI на Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 218/89
15 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**363.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ", бр. 10/83, 43/85, 50/87, 27/88 и 36/89), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Скопје, на заедничка седница на сите собори одржана на 7 декември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во член 2 став 1 од Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита („Службен весник на СРМ", бр. 44/88, 14/89, 24/89 и 35/89) се вршат следните измени:

— во точка 1 бројката „3.000" се заменува со бројката „6.000",

— во точка 2 бројката „3.000" се заменува со бројката „6.000",

— во точка 3 бројката „5.000" се заменува со бројката „10.000",

— во точка 4 бројката „5.000" се заменува со бројката „10.000",

— во точка 27 бројката „3.000" се заменува со бројката „6.000".

Член 2

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 8 декември 1989 година.

Бр. 08-2398/1
7 декември 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

**364.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 24 ноември 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА БИТОЛА ЗА 1989 ГОДИНА

I

Одлуката за стапките на придонесите за здравствена заштита на осигурениците — работници од општината Битола за 1989 година бр. 02-1839/10 од 26. 12. 1988 година и Одлуката за измена на стапките на придонесите за здравствена заштита на осигурениците — работници од општината Битола бр. 02-1185/2 од 25. 09. 1989 година, се менува и тоа: член 1 став 1 алинеја 1 која гласи:

„Стапката на придонесот за здравствена заштита на осигурениците — работници за 1989 година се утврдува на 11% од бруто личниот доход и други примања во кои се содржани:

— Стапката на придонесот за задолжителни видови за здравствена заштита изнесува 5,50%".

II

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува на личниот доход за месеците ноември и декември 1989 година.

Бр. 1461/5
24 ноември 1989 година
Битола

Претседател,
**Бранко Поповски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — ГОСТИВАР

**365.**

Врз основа на член 25 и 71 од Статутот на СИЗ за култура на општината Гостивар, Собранието на СИЗ на култура на општината Гостивар, на седницата одржана на 26 септември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ДАНОЦИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО КОРИСТ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНАТА ГОСТИВАР ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат ОЗТ и работните заедници од нивниот доход и работните луѓе од личните доходи за обезбедување средства за Самоуправната интересна заедница на културата на општината Гостивар за 1989 година.

Член 2

Висината на стапките на придонесите во 1989 година изнесуваат:

1. придонес од доходот на ООЗТ од стопански дејности и работните заедници во тие ООЗТ 0,90%.
2. придонес од личните доходи на работниците од нестопански дејности 0,25%;
3. придонес од личните доходи на работниците што самостојно вршат стопанска и нестопанска дејност 2,00%;
4. придонес од личните доходи на работниците што вршат земјоделска дејност 1,00%;
5. придонес од личните доходи на даночни обврзници што се задолжуваат со данок во годишен паушален износ од основица која претставува висина на гарантираниот личен доход 2,00%.

Член 3

Организациите на здружен труд од областа на општествените дејности на:

— основно образование (120111), насочено образование (120122), КДУ „Детска Радост“ — Гостивар (130012), средношколски дом „Бранко Станоевиќ“ — Гостивар (130212), ќе плаќаат придонес за култура, по стапка од 0,125%.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1989 година, и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

0802-749/1
26 септември 1989 година
Гостивар

Претседател,
**Благица Маркоска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА

**366.**

Врз основа на член 26 став 1 алинеја 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, Собранието на Општинската СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, на седницата, одржана на 27 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА — ПРИХОД НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се изменува Одлуката бр. 02-691/1 од 22. XII. 1988 година за утврдување на стапките на придонесите за обезбедување на средства — приход на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица, за 1989 година, и тоа:

Во членот 1 став 1 алинеја прва, се заменува со нова алинеја која гласи:

„Придонес од бруто личен доход од работен однос во општественото стопанство и нестопанство — 10,50% од кои 8,00% за основно воспитание и образование и 2,50% за општествена заштита на децата.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 ноември 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-726/1
27 ноември 1989 година
Струмица

Претседател,
**Томе Пачоов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТИТОВ ВЕЛЕС

**367.**

Врз основа на член 162 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Титов Велес, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Титов Велес, на седницата на Соборот на делегатите на корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите на даватели на услуги, одржана на 24 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ И ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за исплата на личниот доход на работниците за месец ноември и декември 1989 година се пресметува и уплатува во висина од 11,6% од бруто личниот доход во која се содржани:

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителни видови на здравствена заштита од 5,1%;

— стапката на придонесот за обезбедување на правата од здравствената заштита што самостојно ги утврдува Заедницата од 6,5%.

Член 2

Посебната стапка на придонес за здравствена заштита се плаќа во висина од 4,85%, а се пресметува по 9,7% за следните области:

— област 11 — само гранката 110-612 — завод за унапредување на претшколското и основното образование;

— област 12 — просвета, наука, култура и информација, гранката 1201 — просвета, 1202 — научно истражувачка дејност, 1203 — култура, уметност и информации, освен подгрупа 12036 — кинематографија и гранката 1204 — физичка култура и спорт;

— област 13 — само социјална заштита во целост;

— област 14 — општествено-политички заедници, самоуправни интересни заедници и општествено-политички организации, освен гранките 14014 — СОК,

14016 — Народна банка, 14021 — СИЗ од областа на материјалното производство, 14022 — СИЗ за станбено-комунални дејности, подгрупа 140411 — Сојуз на комунисти, 140413 — Синдикат и групата 14049 подгрупата 140491 — верски друштва, здруженија, заедници и цркви.

Стапката на придонесот за здравствена заштита од личен доход од областа 12 — само за основно образование под група 12011, се уплатува по 0,5%, а се пресметува по 9,7%.

Член 3

За обврзниците на придонесот за здравствена заштита за кои придонесот се пресметува и наплатува на нето основици, се применува пресметана стапка.

Член 4

Стапката на придонесот за здравствена заштита од доходот на правните лица се утврдува во висина од 0,30% од определената основица.

1. Основица за пресметување на придонесот од доходот на правните лица претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланси на успехот во делот деловни расходи и тоа: премии на осигурување, трошоци на камата и ревалоризација на динарски обврски, негативни курсни разлики, вкалкулирани резервирања на нематеријалните трошоци и калкулирани резервирања на трошоците на финансирање на дејностите.

Основица за пресметување на придонесот од доходот на правните лица претставува остварениот доход намален за

— дел од доходот остварен од приправници („Службен весник на СРМ“ бр. 13/78 и 42/85);

— дел од доходот за исплатените средства за солидарност (член 6 од Законот за финансирање на средствата за солидарност);

— дел од доходот извршен на Работната заедница во правните лица кои имаат формирано посебни работни заедници.

2. За другите самоуправни организации, заедници, државни органи, општествено-политички организации и здруженија и други работни заедници што се организирани како организации на здружен труд кои во своето работење не остваруваат доход, а кои се регистрирани во споменатите области под број „9“ и „0“ од номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности, на бруто личниот доход на вработените.

Член 5

Посебен придонес од личниот доход на работниците се пресметува и плаќа на работниците кои со одлука на ОЗТ се испратени (деташирани работници) на работа во странство во висина од 25% од бруто личниот доход, што го оствариле во последниот месец пред заминувањето на работа во странство, со тоа што основицата се ревалоризира секои 3 месеци со процент на зголемување на личните доходи во ОЗТ.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуките бр. 0221-3/11 од 23. I. 1989 година и бр. 0222-3/20 од 28. VII. 1989 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 ноември 1989 година.

Бр. 0221-3/13
24 ноември 1989 година
Титов Велес

Претседател на Собранието,
**Ѓорѓи Алчев,** с. р.

Претседател на Соборот на корисници — работници,
**Љубенка Кочова,** с. р.

Претседател на Соборот на даватели на услуги,
**Јован Николов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**368.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствена заштита и член 136 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Штип, Извршниот одбор на Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 28 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита за 1989 година број 06-14/4 од 26. 04. 1989 година престанува да важи заклучно со 28 ноември 1989 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-33/1
28 ноември 1989 година
Штип

Зам. претседател,
**Боривое Николов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ОХРИД

**369.**

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА СТАТУТОТ НА ОСИЗ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ОХРИД

Член 1

Точката 7 од член 185 се менува и гласи:

„Одлучува за надоместок на трошоци од правата на здравствената заштита за набавка на основни и други средства, барање на здравствени работни организации, ОЗТ и други органи и организации и за други барања во висина до 200.000.000 динари (двеста милиони)“.

По точката 9 од член 185 став 1 се додаваат точките 10 и 11 кои гласат:

10. „По овластување на Собранието на Заедницата, донесува одлуки за промена на финансискиот план, за промена на стапката на придонесот, Одлука за престанок со наплата на придонес, одлуки за патни и дневни трошоци на делегатите на Собранието и работници што ги именува собранието и други акти.

По овластување на Собранието Извршниот одбор може да склучува договори со здравствени организации за обезбедување на здравствена заштита како и договори со ОЗТ органи и организации со кои се регулираат односите со ОСИЗ за здравствена заштита.

11. „Избира и разрешува раководители и шефови на службите во Работната заедница“.

Член 2

Точката 10 од член 185 став 1 станува 12.

Член 3

Членот 215 се менува и гласи:

„Секретарот на Собранието на Заедницата го избира Собранието врз основа на јавен конкурс, а по предлог на комисијата за избор и именување.

Јавниот конкурс од претходниот став го распишува и спроведува Комисијата за избор и именување“.

Член 4

Членот 217 се менува и гласи:

„Секретарот ги остварува самоуправните права и другите права по основ на работа во Стручната служба на Заедницата во согласност со закон и самоуправните општи акти на Заедницата. И по престанокот на функцијата на секретар на Собранието на Заедницата се распоредува на работно место во Стручната служба на Заедницата соодветно на стручните квалификации.

По престанокот на функцијата секретарот го задржува правото на личен доход и другите права од работен однос се додека не биде распореден на работно место во Стручната служба или не заснова работен однос, во друга организација.

Правото од претходниот став може да се користи најмногу 6 месеци по престанок на функцијата.

Одлука за користење на правото од претходниот став донесува Извршниот одбор на Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Охрид.

Член 5

Членот 281 се менува и гласи:

„Заедницата во согласност со Законот, плановите и одлуките на надлежните органи на Општината и Републиката има право и должност во рамките на својата надлежност да ја организира народната одбрана и активно да учествува во заштитата и одбраната за независноста, суверенитетот и територијалната севкупност на со Уставот утврденото општествено уредување.

Во согласност со одредбите од претходниот став Заедницата го уредува, организира и обезбедува остварувањето на општонародната одбрана, обезбедува материјални и други претпоставки за извршување на задачите, мерките и постапките утврдени во Планот за одбрана и Планот за други вонредни околности".

Член 6

Членот 282 се менува и гласи:

„Заедницата во согласност со Закон, одлуките и плановите на општината и Републиката во остварувањето на системот на ОНО, а во рамките на своите права и должности ги врши следните работи: донесува План за одбрана и План за други вонредни околности и ги усогласува со плановите на Општината, ја приспособува својата организација за работа во воени услови, го утврдува развојот и обезбедува спроведување на подготовките за ОНО и ОСЗ и го планира и програмира развојот на ОНО и обезбедува средства за тој развој, врши одредени работи на подготовките за одбрана во областа за која е основана; ја утврдува организацијата на работа на Стручната служба во војна, во непосредна воена опасност и употреба на цивилна заштита и други вонредни околности и врши други работи.

Собранието на Заедницата со посебна Одлука ќе ги утврди органите на Заедницата и на Стручната служба надлежни за донесување на плановите за одбрана и други вонредни околности и други акти за спроведување на подготовките за ОНО и ОСЗ".

Член 7

Членот 284 се менува и гласи:

Ставот 1 од член 284 станува член 284.

„Собранието на Заедницата со посебен акт утврдува кои видови на податоци од интерес за народната одбрана се сметаат како тајна и одредува мерки и постапки за нивна заштита во согласност со прописите на критериумите за утврдување на податоците од значење за народната одбрана и за мерките за заштита на таквите податоци".

Ставот 2, 3 од членот 284 станува член 284-а и гласи:

„Во случај на војна, непосредна воена опасност или вонредни околности, кога објективно е оневозможена нормалната работа на Собранието, а постои потреба од итно решавање на одредени прашања од значење за работата на Заедницата или на здравствените организации, сите овластувања на Собранието ги има Извршниот одбор посебно избран за таа намена.

Извршниот одбор е должен сите акти донесени во смисла на овластувањата од став 1 на овој член веднаш по престанувањето на воените околности да му ги поднесе на Собранието за согласност".

Член 8

Членот 291 се менува и гласи:

„Стручната служба на Заедницата во извршувањето на задачите за ОНО во мир, војна и во случај на непосредна воена опасност и други вонредни околности организира и спроведува подготовки и презема мерки за одбрана и заштита во рамките на планот на Заедницата.

Со посебни самоуправни општи акти Стручната служба ја утврдува организацијата и спроведувањето на подготовките на општонародната одбрана и употребата на цивилна заштита и го утврдува начинот на остварувањето на своите права, должности и одговорности и делокругот и одговорноста на органите на управувањето на Стручната служба, работоводниот орган и на другите органи во извршувањето на задачите од ОНО во рамките на Планот за одбрана и Планот за други вонредни околности на Заедницата".

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-2635
12 јули 1989 година
Охрид

Претседател,
**Љупчо Спироски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР

**370.**

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 24 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА) ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување на средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за општествена заштита на децата) се утврдува на износ од:

— 2,10% од бруто личен доход од работен однос од стопанството и нестопанските дејности;

— 0,05 од личен доход од земјоделска дејност (од катастарски доход);

— 0,40 од бруто личен доход од вршење на стопанска и друга професионална дејност.

Член 2

За ОЗТ од општествената дејност, основно образование (шифра на дејноста 120111) за ОЗТ од средно насочено образование. (шифра на дејноста 120121), се утврдува стапка од 1,05%.

За ОЗТ од општествената заштита на децата (шифра на дејност 130211) се утврдува стапка од 1,47% од бруто личен доход.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 декември 1989 година.

Бр. 08-140
4 декември 1989 година
Демир Хисар

Претседател,
**Раде Наумовски,** с. р.

371.

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 4 декември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ДЕМИР ХИСАР (ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ) ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за основно образование) се утврдува на износ од:

— 5,95% од бруто личен доход од работен однос во ОЗТ од стопанството и нестопанските дејности;

— 2,00% од личен доход од земјоделска дејност (од катастарски доход);

— 5,00 од бруто личен доход од вршење на стопанска и друга професионална дејност.

Член 2

За ОЗТ од стопанствените дејности, основно образование (шифра на дејноста 120111) за ОЗТ од средно насоченото образование (шифра на дејноста 120121) 2,97%.

За ОЗТ од општествените дејности, општествена заштита на децата (шифра на дејноста 130211) се утврдува стапка од 1,16% од бруто личен доход.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 декември 1989 година.

Бр. 08-140
4 декември 1989 година
Демир Хисар

Претседател,
Раде Наумовски, с. р.

## ОБЈАВА

Врз основа на член 26-а од Законот за данокот од доходот на организациите на здружен труд („Службен весник на СРМ" бр. 42/80, 38/83, 22/85, 46/86, 7/88, 14/88, 51/88, 18/89, 26/89, 36/89 и 43/89), Републичкиот завод за статистика го утврдува и го објавува

### ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Кумулативниот пораст на цените на мало во периодот октомври/ноември 1989 година во однос на просечните цени на мало за деветте месеци од 1989 година (од 1 јануари до 30 септември 1989 година) изнесува 347,2%.

Директор
Светлана Антоновска, с. р.

## СОДРЖИНА


764. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на составот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот — — — — — — — — — 769
765. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на учебниците за основното и средното насочено образование на РО за издавање на учебници и наставни средства „Просветно дело" — Скопје — — — — — — — — — 769
766. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 769
767. Одлука за продолжување на важноста на Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на цените на определени производи — — — — — — — — — 770
768. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — 770
769. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одвоен живот во семејството 770
770. Наредба за определување на производи и услуги за кои претпријатијата се должни да доставуваат известување за цените — 770
771. Наредба за преземање мерки за заштита на животните од заразни и паразитски болести во 1990 година — — — — — 771
772. Решение бр. 13-1149/1 — — — — — 775
773. Решение бр. 13-1149/1 — — — — — 775
774. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 132/89 од 18 октомври 1989 година 775
775. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 124/89 од 1 ноември 1989 година 776
776. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 105/89 од 1 ноември 1989 година 776
777. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр 139/89 од 25 октомври 1989 година 777
778. Одлука на Уставниот суд на Македонија У. бр. 143/89 од 8 ноември 1989 година 778
779. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 168/89 од 25 октомври 1989 година 778
780. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 157/89 од 15 ноември 1989 година 779
781. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 218/89 од 15 ноември 1989 година 779

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

363. Одлука за измена на Одлуката за учество на корисниците во трошоците за здравствена заштита — — — — — — — 780
364. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за стапките на придонесите за здравствена заштита на осигурениците — работници од општината Битола за 1989 година — — — — — — — — — 780
365. Одлука за измена и дополнение на Одлуката за утврдување на стапките на даноците и придонесите што се плаќаат во корист на Самоуправната интересна заедница за култура на општина Гостивар за 1989 година — — — — — — — 781
366. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на стапките на придонесите за обезбедување средства — приход на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струмица за 1989 година — — — — 781
367. Одлука за утврдување на стапката на придонесот од личен доход за здравствена заштита на работниците и правните лица — — — — — — — — — — 781
368. Одлука за престанок на важењето на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита за 1989 година — 782
369. Одлука за измена и дополна на Статутот на ОСИЗ за здравствена заштита — Охрид — — — — — — — — — 782
370. Одлука за утврдување на пресметковна стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата (за општествена заштита на децата за 1989 година) — — — — — 783
371. Одлука за утврдување пресметковна стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар (за основно образование за 1989 година) — — — — — 784


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**